АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-02-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 997 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје.

3. **Период опфатен со надзорот:** 11 јануари 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 февруари 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 12 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 јануари 2016 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 12 од Законот за медиуми.**

Во неколку програми емитувани на 11 јануари 2016 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелното дело, името на медиумот од каде што е преземена содржината и тн. што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**11.01.2016 година**

| Детален опис | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Гответе со Антонио Јанковски | 03:14:00 | 07:00:37 |
| Вести | 12:55:42 | 13:05:25 |
| | 16:52:13 | 17:31:45 |
| | 19:29:09 | 20:11:32 |
| Ловечко око | 16:21:44 | 16:50:54 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 12 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 јануари 2016 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***